СОВРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесеттата седница на Собранието на
Република Македонија, одржана на 06.01.1992
година

Скопје, јануари 1992 година

ДИСКУТАНТИ НА 50-та седница на СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 6.I.1992г.

Амандмани I и II на Уставот на Република Македонија, Одлука за прогласување на стр. 8

1. АНДОВ СТОЈАН -3
2. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ -4

крај

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Триесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 06.01.1992 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Триесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благоја Чкатроски и Шабан Превала ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Известен сум од Службите дека во салата се присутни 101 пратеник. Констатирам дека на седницата присуствуваат повеќе од две третини од вкупниот број пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Пред да преминеме понатаму дозволете ми да Ви посакам среќа Нова Година 1992 и плодна работа на Собранието.

(аплауз)

За седницата се поканети и присуствуваат претседателот на Република Македонија, членот на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од Република Македонија и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Ве известувам дека пред почетокот на седницата од пратенички групи и пратеници се добиени повеќе предлози за ставање на дневен ред.

Со оглед на значењето на предложениот дневен ред, предлагам дневниот ред за денешната седница да не се дополнува со нови предлози, а во консултациите претходни со Претседателството се согледува можноста да држиме друга седница веќе во петок на 10 јануари 1992 година.

Се согласувате.

Благодарам.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Утврдување на Предлогот на амандманите I и II на Уставот на Република Македонија;

2. Усвојување и прогласување на Амандманите I и II на Уставот на Република Македонија.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

Благодарам, да не броиме губиме многу време.

Дали има некој против?(нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот дневен ред.

Преминуваме на првата точка - Утврдување на Предлогот на амандманите I и II на Уставот на Република Македонија.

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 26 декември 1991 година, донесе Одлука за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

На истата седница Собранието го утврди Нацртот на амандманите I и II на Уставот на Република Македонија и го стави на јавна дискусија. Нацртот на амандманите на Уставот на Република Македонија е објавен во "Нова Македонија", "Флака е влазеримит" и "Бирлик".

Собранието ја задолжи Комисијата за уставни прашања да ја организира, следи и сумира јавната дискусија и најдоцна до 6 јануари 1992 година да подготви извештај за резултатите од јавната дискусија и Текстот на предлогот на амандманите на Уставот на Република Македонија.

Комисијата за уставни прашања подготви извештај за резултатите од јавната дискусија и Текст на предлогот на амандманите, кој Ви е доставен.

Текстот на предлогот на амандманите го разгледаа комисиите на Собранието. Нивните извештаи Ви се поделени.

Комисијата за уставни прашања ги разгледа извештаите на комисиите и подготви пречистен текст на Предлогот на амандманите, кој Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Известител на Комисијата за уставни прашања е господинот Томислав Стојановски.

Го молам да земе збор.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници јас сакам прво да го прочитам текстот на амандманите, како христијанин да на Македонците и другите православци кои го слават Христовото рождение да им го честитам Божикот на сите во Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа го чини лично од негово име.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Ова го чинам од мое име, штом господин Стојан Андов не сака во негово име и реков дека јас како христијанин ова го кажувам. Ви благодарам господин Стојан Андов, што не сте христијанин.

СТОЈАН АНДОНОВ:

За моите верувања верски само приватно одлучувам господине Стојановски.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Добро дозволете да говорам сега како претставник на Уставната комисија.

Дами и господа, ние на 17 ноември во оваа иста сала го прогласивме Уставот на Република Македонија.

Меѓутоа, меѓународните опкружувања доведоа до таа положба, да е потребно да веднаш се пристапи кон измена на некои делови на овој Устав. И Собранието кога одлучи на 26 декември, да се пристапи кон применување на овие измени и во јавната дискусија како и сега работните тела и на крај Уставната комисија на ова Собрание, дојде до заклучок да ги предложи двата амандмана со наведените содржини. Дали ќе треба да ги прочитам? Меѓутоа, сите ги имате овде, да Република Македонија нема територијални претензии на другите соседни држави. Ова јасно и гласно го кажувам од оваа говорница, дека Македонија ќе биде демократска и слободна земја а таква може да биде само ако гарантира слобода на друга соседна земја. Ова го говорам и од име на Пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ за која се сметаше дека ете има некакви други сфаќања, освен ова. Меѓутоа, се знае оваа држава е на македонскиот народ и граѓаните што живеат во неа, ВМРО е таа партија и говорам дека генот...

СТОЈАН АНДОВ:

Вие зборувате во име на Комисијата..., Вие сте известител од работата на Комисијата.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Ве молам господине Стојан Андов, еднаш сфатете дека сте само претседавач на ова Собрание.

СТОЈАН АНДОВ:

Морам да водам сметка кој за што се јавува.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Ве молам, господине. Ве молам еднаш ако друго не, дозволете, да не се јавувам два пати или три пати, јас не знам што на некој му пречи, да кажеме што е македонската определба со овие два амандмана. Дека границите на Република Македонија можат да се менуваат само во согласност со Уставот, а врз принцип на доброволност и усогласеност по општоприфатените меѓународни норми.

И вториот амандман се однесува на член 49, дека Република Македонија при тоа нема да се меша во суверените права на другите држави и во нивните внатрешни работи.

Ова го предлагам да се прифатат двата амандмана како дополнување на новиот Устав, со кој верувам господа дека ќе го издејствуваме меѓународното признание.

Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој бара збор?(не бара никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Текстот на предлогот на амандманите.

Претресот ќе го водиме по секој амандман одделно.

Амандманите се утврдени ако за нив гласале мнозинството од вкупниот број на пратеници.

Преминуваме на утврдување на Предлогот на амандманот I.

Отворам претрес по Текстот на амандманот I.

Молам, кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на амандманот I го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(112 пратеници)

Дали има некој против?(1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање?(никој).

Констатирам дека Собранието го утврди предлогот на амандманот I на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на Предлогот на амандманот II.

Отворам претрес по Текстот на амандманот II.

Молам, кој бара збор?(никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на амандманот II го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (111 пратеници)

Дали има некој против?(1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласањето? (никој).

Констатирам дека Собранието го утврди предлогот на амандманот II на Уставот на Република Македонија.

Со утврдување на амандманите констатирам дека Собранието го утврди Предлогот на амандманите I и II на Уставот на Република Македонија.

Бидејќи нема никакви измени во текстот, тогаш ние продолжуваме со работа.

Според член 131 став 3 од Уставот на Република Македонија, Одлука за измена на Уставот донесува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот на амандманите I и II на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Сега е усвојување.

Молам, кој е за да крене рака? (110 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласањето?(1 пратеник).

Констатирам дека Собранието ги усвои амандманите I и II на Уставот на Република Македонија.

Согласно член 131 став 4 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија ја прогласува измената на Уставот.

Предлогот на одлуката за прогласување на Уставот на Република Македонија, Ви е поделен.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (112 пратеника).

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласањето?(1 пратеник).

Констатирам дека Одлуката за прогласување на амандманите I и II е усвоена.

Дами и господа пратеници, дозволете ми да ја прочитам Одлуката што ја усвоивме.

(претседателот станува)

(стануваат сите пратеници и гости).

"Врз основа на член 131 став 4 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 6 јануари 1992 година, донесе

О Д Л У К А

за прогласување на Амандманите I и II
на Уставот на Република Македонија

Се прогласуваат Амандманите на Уставот на Република Македонија, што ги усвои Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 6 јануари 1992 година".

Дами и господа пратеници,

Денес, со прогласувањето на амандманите на Уставот на Република Македонија, сосема јасно, без дилеми и сомневања, Уставно-правно ги потврдивме определбите на Републикава за добро соседски односи и немање територијални претензии спрема соседните држави. Ваквите определби, како што Ви е познато, ова Собрание уште од своето конституирање пред една година, ги изрази и вгради во поголем број документи и акти што ги донесе, особено во Декларацијата што ја донесовме на 17 септември минатата година. Ова несомнено претставува уште една потврда дека Македонија и нејзините граѓани остануваат доследни на својата политика, за сестран развој на економските, политичките и културните односи со сите свои соседи, со Европа и светот. Може слободно да се каже дека тоа го изразува историскиот континуитет и стремежите на луѓето од овие простори да се живее во мир и да се градат мостови на пријателство и соработка со сите народи и земји.

Прогласувањето на Република Македонија за независна држава и нејзиното меѓународно признавање претставува сериозен чекор кон засилување на општата стабилност на Балканот и пошироко. Со тоа се става крај на бројните недоразбирања и апсурди што во минатото доведуваа до крвави драми и често пати беа причина за драматично заострување на европските противречности.

Постоењето на Република Македонија како самостојна и независна држава, врз прифатените европски принципи, е логичен крај на сите досегашни напнатости, длабоки сомневања и балкански недоверби.

Прогласувањето на амандманите се Уставно-правна гаранција за исполнување на критериумите утврдени во Декларацијата на Европската економска заедница за Југославија.

Во оваа прилика, посебно сакам да изразам задоволство што пратениците на ова Собрание, Владата на Република Македонија и граѓаните на Републикава изразија висока свест за значењето и неопходноста од потребата за овие амандмански измени на Уставот и што го дадоа својот придонес со цел да се отстранат можните пречки на патот кон меѓународното признавање на Република Македонија.

Очекуваме дека Европската економска заедница позитивно ќе ја оцени оваа наша предност, Уставно-правно да ги прифатиме критериумите што таа ги утврдила како основни елементи за меѓународно признавање и дека наскоро сите ние ќе дочекаме да го оствариме вековниот стремеж за самостојна и суверена и меѓународно призната држава - Република Македонија.

(аплауз).

Дами и господа пратеници, јас на сите Ви ја честитав Нова година, затоа што прв пат се состануваме после нова година, а по протоколот кој ми е овде напишан, а не по потсетување на господинот Томислав Стојановски, Ве молам да ми дозволите на сите верници од православна вероисповед, верниците на македонската Православна Црква, да им го честитам Божиќ. И со тоа објавувам еден став на Претседателството на Собранието, додека не се уреди тоа со закон, Службите на Собранието и работните тела, утре нема да работат, утре е неработен ден, затоа што преголем дел се оние кои би сакале во семејни прилики да си го минат Божиќ.

Јас мислам дека се согласувате со ваков став.

(аплауз).

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Триесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

(седницата заврши во 14,30 часот).